ИСОС ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

# ЈАВЕН ОГЛАС

за член на Управен Одбор, со арх.бр.0202-442/1 од 18.11.2024 година

Врз основа на член 22 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија на ден 20.11.2024 година објавува Јавен оглас со арх. бр.0202-442/1 од 18.11.2024 година за избор на член на Управен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат долунаведените услови согласно Повикот, најдоцна до **15.12.2024 година**, до архивата на Институтот на улица:„Св.Кирил и Методиј" бр.20, деловна зграда на Аутомакедонија, на кат 2 (до главна дирекција на Макпетрол), да ги достават следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за сметководител/овластен овластен сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж,
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;
- Програма за работа, план за активности и главни цели.

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на член на Управен одбор на Институтот ќе биде утврдена од страна на Управниот одбор на Институтот, врз основа на која ќе биде доставен предлог до Собранието на Институтот за избор на член на Управниот одбор.

По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество за избор на член на Управен одбор на Институтот.

Кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за учество за избор на член на Управен одбор на Институтот ќе биде потребно да присуствуваат на закажаната седница на Собранието каде ќе биде потребно да ја презентираат програмата за работа, планот за активности и главни цели.

Во самата апликација, кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за член на Управениот одбор на Институтот.

Сите апликанти кои се членови на органите или комисиите на Институтот, со доставената апликација да достават и неотповиклива оставка од членството во органите односно комисиите на Институтот.

Телефон за дополнителни информации:070 369 381

Претседател на Управен Одбор

Весна Прентоска

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk